**Закачено на огласна табла на судот на ден 12-07-2024 година .**

**Основен Суд Кавадарци** , како првостепен надлежен суд , преку стечајниот судија Елизабета Петковска , постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот Друштво за производство трговија и услуги ПРО ЗДЕНКА КАБЛИ ДОО Неготино-во стечај со седиште во с. Пепелиште Неготино со ЕМБС: 6669905 и ЕДБ: 4019011503745 , а одлучувајќи по поднесените предлог од стечајниот управник Димитар Калков од Скопје, за одобрување на предлог трошковникот за месец 06-ти 2024 , без одржување на рочиште на ден 12-07-2024 година го донесе следното :

**Р е ш е н и е** .

I. **Делумно се усвојува** предлог трошковникот за месец 06-ти 2024 година поднесен од стечајниот управник Димитар Калков од Скопје на ден 07-06-2024 година за надомест на реално потребните материјални трошоци на стечајниот управник и за авансна награда .

**Се одобрува** исплата од жиро сметката на стечајниот должник и тоа надомест на реално потребните трошоци на стечајниот управник и авансна награда во вкупен износ од 46.149,00 денари.

**Се одбива** барањето за надомест на трошоци на стечајната постапка во износ од 6.000,00 денари

**О б р а з л о ж е н и е**

Со решение СТ.бр.24/23 од 26-12-2023 година на овој суд, е отворена стечајна постапка над должникот Друштво за производство трговија и услуги ПРО ЗДЕНКА КАБЛИ ДОО Неготино-во стечај .

Во текот на постапката , стечајниот управник Димитар Калков од Скопје на ден 01-07-2024 година до судот достави предлог трошковник за да се одобри исплата од жиро сметката на стечајниот должник на име реално потребни материјални трошоци на стечајниот управник за месец 06-ти 2024 година и авансна награда.

Стечајниот судија со решение од 12-07-2024 година делумно ги одобри истите на начин децидно наведен во изреката на решението.

Судот го одби барањето на стечајниот управник за надомест на трошоци за превоз во висина од 1.500,00 денари , и трошоци за телефон во износ од 500,00 денари и останати материјални трошоци (точка 3 од предлог трошковникот) во висина од 4.000,00 денари ценејќи дека се тоа неоправдани трошоци за кој стечајниот управник нема доставени докази а во смисла колку стечајни постапки води за цитираниот период па судот да има можност да провери дали бараниот износ е правилно пресметан.

Судот постапувајќи согласно одредбата од чл.19 ст.1 точка 8 и точка 9, а во врска со чл.37 од Законот за стечај , одлучи како во изреката на решението при што определи дека материјалните трошоци се неопходни за водење на стечајната постапка над должникот, за кои што е одбрена и исплата од жиро сметката на стечајниот должник.

Предвид на горенаведеното судот одлучи како во изреката на решението.

Стечаен судија,
Елизабета Петковска, с.р.

**Правна поука:**

Против ова решение дозволена е жалба во рок од 8 дена
од приемот на истото иод неговата објава на огласната табла на судот ,
преку овој суд до Апелационен Суд Скопје.

**РЕШЕНО ВО ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ : СТ.бр.24/23 од 12-07-2024 година**
**Верно со оригиналот тврди:**

**Решението да се достави до:**
1.Стечаен управник -Димитар Калков
2.Огласна табла на судот.